ЗБИРКА НА ПРОПИСИ • PËRMBLEDHJE E RREGULLAVE • COMPILATION OF LEGAL REGULATIONS

Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

Republika e Maqedonisë
AVOKATI I POPULLIT

OMBUDSMAN
Republic of Macedonia

# ЗБИРКА НА ПРОПИСИ
# PËRMBLEDHJE E RREGULLAVE
# COMPILATION OF LEGAL REGULATIONS

## НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
## AVOKATI I POPULLIT
## OMBUDSMAN

# ЗБИРКА ПРОПИСИ

## НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ



Институцијата Омбудсман по форма и концепција постои околу два века, а своите почетоци ги бележи во Шведска каде првпат е востановена во 1809 година.

Омбудсманот во секое општество каде што постои се јавува како механизам кој суштински придонесува во функционирањето на принципот на владеењето на правото и претставува фактор кој ги илустрира демократските процеси во една држава.

Во Република Македонија оваа институција првпат е предвидена со Уставот од 1991 година, по што во 1997 година беше донесен и Законот за народниот правобранител, а набргу потоа беше избран првиот народен правобранител и Институцијата започна да функционира во 1998 година, откако беа исполнети техничките и кадровските услови.

Омбудсманот во Република Македонија нема законодавни, судски или извршни овластувања ниту е орган за кривично гонење или инспекциски орган. Во надлежноста на Омбудсманот не спаѓа донесувањето одлуки со кои мериторно се одлучува за правата на граѓаните, како што е случај со судовите, органите на државната управа и други органи и организации на кои правно-политичкиот систем им обезбедил присилен инструментариум. Напротив, Омбудсманот е предвиден како еден вид контролен механизам кој интервенира со: предлози, укажувања, сугестии, забелешки, препораки и слично.

Иако, во основа ги штити уставните и законските права на граѓаните кога им се повредени од државните органи, неговото дејствување има и поширока улога, значење и цел бидејќи Омбудсманот ги насочува своите дејствувања и кон унапредување, усовршување и подобрување на работата на државната управа, како сервис на граѓаните, со цел поефикасно и побрзо да го остварат своето право без одолжување на управните и избегнување на непотребните судски постапки.

Ова од друга страна укажува дека постои уште една пософистицирана димензија во неговото дејствување којашто можеби е и најважната во остварување на неговата улога на промотер и заштитник на човековите права. И тоа особено во земјите што го поминуваа периодот на транзиција, како што е и нашата, освен што треба да придонесе во реформите на сите сегменти во државата омбудсманот воедно со своето дејствување, без присилен инструментариум позади себе, делува во насока на подигање на свеста и совеста на државните службеници дека почитувањето на правата на граѓаните и нивното доследно и навремено остварување треба да е нивна основна цел во работењето.

Со потпишувањето на Охридскиот рамковен договор и измените на Уставот на Република Македонија се донесе и нов Закон за народниот правобранител со кој се предвиде децентрализација на Институцијата и формирање подрачни канцеларии, а од друга страна проширување на надлежноста на Народниот правобранител да презема дејствија за заштита на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт. Тоа говори дека овој механизам во државата се развива во согласност со современите текови и во исто време со потребите на граѓаните што придонесува во градењето мултиетничката доверба и претставува нужност за мирното живеење и развој на државата.

Живеејќи во ера, која пред се беше обележана со глобални немири што претставуваа сериозен атак врз хуманиот аспект на нашето живеење, ценам дека нашите напори за ефикасно функционирање на системот ги надминуваат границите на општествата во кои дејствуваме и треба да се движат во насока на она што претставува стремеж на целиот свет, а тоа е хуманизација на човечките односи и воспоставување глобален поредок кој ќе се карактеризира со високи принципи и свест за потребата од почитување на човековите права.

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**

Иџет Мемети

## ОДРЕДБИ ОД УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

(„Службен весник на РМ“ бр. 52/91)

**Член 77**

Собранието избира народен правобранител.

Народниот правобранител ги штити уставните и законските права на граѓаните кога им се повредени од органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања.

Народниот правобранител се избира за време од осум години, со право на уште еден избор.

Условите на избор и разрешување, надлежноста и начинот на работата на народниот правобранител се уредуваат со закон.

**А М А Н Д М А Н XI**

(„Службен весник на РМ“ бр. 91/01)

1. Собранието избира народен правобранител со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

2. Народниот правобранител ги штити уставните и законските права на граѓаните кога им се повредени од органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања. Народниот правобранител посветува особено внимание за заштита на начелата на недискриминација соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и во јавните установи и служби.

3. Со точката 1 на овој амандман се заменува ставот 1 на членот 77, а со точката 2 се дополнува ставот 2 на членот 77 од Уставот на Република Македонија.

## А М А Н Д М А Н XII

(„Службен весник на РМ“ бр. 91/01)

1. Собранието основа Комитет за односи меѓу заедниците.

Комитетот го сочинуваат 19 члена од кои по седум члена од редот на пратениците во Собранието, Македонци и Албанци, а по еден член од редот на пратениците Турци, Власи, Роми, Срби и Бошњаци. Доколку некоја од заедниците нема пратеници, Народниот правобранител, по консултации со релевантните претставници на тие заедници ќе ги предложи другите членови на комитетот.

**ЗАКОН**
**ЗА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ**

(„Службен весник на РМ“ бр. 60/2003)

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој закон се уредуваат условите за избор и разрешување, надлежноста и начинот на работата на Народниот правобранител.

**Член 2**

Народниот правобранител е орган на Република Македонија кој ги штити уставните и законските права на граѓаните и на сите други лица кога им се повредени со акти, дејствија и пропуштања на дејствија од органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања и кој презема дејствија и мерки за заштита на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и јавните установи и служби.

**Член 3**

Народниот правобранител е независен и самостоен во вршењето на функцијата.

Народниот правобранител работите од својата надлежност ги врши врз основа и во рамките на Уставот, законот и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.

Во постапката Народниот правобранител може да се повика и на начелото на правичност.

**Член 4**

Седиштето на Народниот правобранител е во Скопје.

Народниот правобранител има печат во кој е содржан називот и седиштето, грбот и името Република Македонија.

На зградата во која е сместен Народниот правобранител се истакнува називот и седиштето, грбот и знамето на Република Македонија.

## II. УСЛОВИ ЗА ИЗБОР И РАЗРЕШУВАЊЕ НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

### Член 5

Собранието на Република Македонија, по предлог на надлежната комисија на Собранието, го избира и разрешува народниот правобранител со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија. Народниот правобранител се избира за време од осум години, со право на уште еден избор.

Народниот правобранител има повеќе заменици. Бројот на замениците на народниот правобранител го определува Собранието на Република Македонија на предлог на народниот правобранител.

Замениците на народниот правобранител, по предлог на народниот правобранител ги избира и разрешува Собранието на Република Македонија со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија. Замениците на народниот правобранител се избираат за време од осум години, со право на повторен избор.

Постапката за избор на народниот правобранител и неговите заменици започнува три месеци пред истекот на нивниот мандат.

Во случај на отсуство или спреченост народниот правобранител го заменува заменикот според утврден распоред од народниот правобранител.

### Член 6

За народен правобранител може да биде избрано лице кое ги исполнува општите услови определени со закон за засновање на работен однос во орган на државната управа, дипломиран правник кој има работно искуство над девет години на правни работи и чија активност е докажана во областа на заштитата на правата на граѓанинот и ужива углед за вршење на функцијата народен правобранител.

За заменик на народниот правобранител може да биде избрано лице кое ги исполнува општите услови определени со закон за засновање на работен однос во орган на државната управа, дипломиран правник кој има работно искуство над седум години на правни работи и чија активност е докажана во областа на заштитата на правата на граѓанинот и ужива углед за вршење на функцијата заменик на народниот правобранител.

При избор на заменици на Народниот правобранител без да се нарушат условите пропишани со закон се обезбедува соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во Република Македонија.

**Член 7**

Народниот правобранител пред стапувањето на функцијата дава свечена изјава пред претседателот на Собранието на Република Македонија, која гласи:

„Изјавувам дека функцијата народен правобранител ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе ги почитувам Уставот и законите на Република Македонија.“

**Член 8**

Функцијата народен правобранител е неспојлива со вршење на друга јавна функција и професија или со членување во политичка партија.

**Член 9**

Народниот правобранител се разрешува:

1) ако сам го побара тоа;
2) ако биде осуден за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци;
3) ако трајно ја загуби психофизичката способност за вршење на функцијата Народен правобранител што се утврдува врз основа на наод и мислење на надлежна здравствена институција;
4) ако ги исполнува условите за старосна пензија;
5) заради нестручно, пристрасно и несовесно вршење на функцијата народен правобранител.

Член 10

Одредбите од членовите 7, 8 и 9 од овој закон се однесуваат и на замениците на народниот правобранител.

## III. НАДЛЕЖНОСТ И НАЧИН НА РАБОТА

Член 11

Народниот правобранител во вршењето на работите од својата надлежност презема дејствија и мерки за кои е овластен со овој закон заради заштита на уставните и законските права на граѓаните или заштита на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници кога се повредени од органите од член 2 на овој закон.

Член 12

Народниот правобранител презема дејствија и мерки за заштита од неоправдано одолжување на судските постапки или несовесно и неодговорно вршење на работите на судските служби, неповредувајќи ги принципите на самостојност и независност на судската власт.

Народниот правобранител не постапува по предмети за кои е во тек судска постапка, освен во случаите од ставот 1 на овој член.

Член 13

Постапката за заштита на уставните и законските права на граѓаните пред Народниот правобранител се покренува со поднесување претставка.

Секое лице може да поднесе претставка до Народниот правобранител кога ќе оцени дека му се повредени уставните и законските права или кога се повредени начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите од член 2 на овој закон.

Народниот правобранител може да покрене постапка и по сопствена иницијатива, доколку оцени дека на граѓаните им се повредени уставните и законските права утврдени во член 2 на овој закон.

**Член 14**

Во постапката пред Народниот правобранител службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

Во постапка што се води пред Народниот правобранител друг јазик што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните и неговото писмо, исто така, е службен јазик.

Одредбите на Законот за општа управна постапка кои се однесуваат на употребата на јазиците соодветно се применуваaат и во постапката пред Народниот правобранител.

**Член 15**

Секое лице во комуникацијта со Народниот правобранител може да употреби еден од службените јазици и неговото писмо, а Народниот правобранител одговора на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на службениот јазик и писмо што го употребува подносителот на претставката.

**Член 16**

Претставката поднесена до Народниот правобранител треба да биде потпишана и да содржи лични податоци за подносителот и да ги содржи околностите, фактите и доказите врз кои се темели претставката.

Во претставката треба да бидат наведени органот, организацијата, установата или лицето на кое се однесува претставката, како и да се наведе дали подносителот веќе вложил правни средства и кои правни средства ги вложил.

Претставката за покренување на постапка се поднесува писмено или усно на записник.

Претставката со која се иницира постапката нема пропишана форма.

Подносителот на претставката е ослободен од плаќање такси за постапката пред Народниот правобранител.

**Член 17**

Народниот правобранител е должен по претставката да постапува совесно, непристрасно, ефикасно и одговорно.

При постапувањето по претставката Народниот правобранител од заинтересираните страни е должен да ги прибави сите факти и докази што се од суштествено значење за одлучување по претставката.

**Член 18**

Народниот правобранител во текот на постапката по претставката е должен да ја почитува приватноста и тајноста на податоците што се однесуваат на подносителите од член 16 на овој закон.

**Член 19**

Народниот правобранител, постапувајќи по претставката, може:

- да не покрене постапка,
- да покрене постапка и
- да ја запре или прекине постапката.

**Член 20**

Народниот правобранител нема да покрене постапка по претставката ако:

- претставката е анонимна, освен ако се работи за прашање од општ интерес;
- со претставката се навредува органот или се злоупотребува правото на поднесување претставка;
- претставката не е комплетна и ако подносителот по претходното укажување од Народниот правобранител не ја дополнил претставката;
- од претставката се констатира дека се работи за помалку значаен случај кој и по завршеното испитување не би можел да даде соодветни резултати;
- од самата претставка, околностите и приложените факти и докази произлегува дека не се работи за повреда на уставните и законските права на подносителот или лицето во име на кое е поднесена претставката од органите од членот 2 на овој закон;
- не е надлежен да постапува;
- од дејствието или од последната одлука на органот, организацијата или установата изминало повеќе од една година, освен ако оцени дека подносителот го пропуштил рокот од оправдани причини и

- по предметот на претставката во тек е судска постапка, освен за работите од членот 12 став 1 од овој закон.

Кога Народниот правобранител нема да покрене постапка по претставката согласно став 1 на овој член е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на претставката да го извести подносителот на претставката и да му ги објасни причините поради кои ја отфрла претставката и по можност да му го појасни начинот на кој може да го оствари правото.

**Член 21**

Народниот правобранител ќе покрене постапка по поднесена претставка или по сопствена иницијатива ако од наводите, доказите и фактите приложени кон претставката или од сознанијата добиени на друг начин основано произлегува дека од страна на органите од членот 2 на овој закон се повредени уставните и законските права на граѓаните или се повредени начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците.

Ако Народниот правобранител покрене постапка по сопствена иницијатива или ако друго лице во име на оштетениот му се обрати со претставка, за покренување на постапката е потребна согласност од оштетениот на кого му се повредени уставните и законските права или се повредени начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците.

Кога Народниот правобранител покренува постапка по сопствена иницијатива за повреда на уставните и законските права на поголем број граѓани, малолетни, немоќни и лица со одземена деловна способност, не е потребна согласност од ставот 2 на овој член. За покренувањето на постапката Народниот правобранител ги известува лицата на кои таа се однесува, во рок од 15 дена од денот на покренувањето на постапката.

**Член 22**

Кога народниот правобранител ќе одлучи да покрене постапка за тоа го известува подносителот на претставката во рок од 15 дена од денот на приемот на претставката.

**Член 23**

Народниот правобранител ќе ја запре или прекине постапката по претставката ако:

- по завршувањето на постапката по претставката се констатира дека не се работи за повреда на уставните и законските права на подносителот од органите од членот 2 на овој закон;
- во текот на постапката по претставката подносителот поведе судска постапка;
- подносителот на претставката не покажува интерес за натамошно водење на постапката;
- подносителот во текот на постапката ја повлече претставката;
- во текот на постапката подносителот на претставката починал, освен ако наследниците не бараат продолжување на започнатата постапка и подносителот во меѓувреме го остварил правото од претставката.

Кога Народниот правобранител ќе ја запре или прекине постапката по претставката, должен е веднаш, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на настанувањето на околноста за запирање или прекинување на постапката, да го извести подносителот на претставката и да му ги објасни причините поради кои ја запира или прекинува постапката и по можност да му го појасни начинот на кој може да го оствари правото.

**Член 24**

Заради испитување на претставката, Народниот правобранител во рамките на својата надлежност, кон органите од членот 2 на овој закон, може да ги преземе следните дејствија и мерки:

- да побара потребни објаснувања, информации и докази за наводите во претставката;
- да влезе во службените простории и да изврши непосреден увид во предметите и работите од нивна надлежност;
- да повика на разговор избрано или именувано лице, службено лице и секое друго лице што може да даде определени податоци во постапката;
- да побара мислење од научни и стручни институции и
- да преземе други дејствија и мерки определени со закон или друг пропис.

Бараните објаснувања, информации и докази од ставот 1 алинеја 1 на овој член, органите од членот 2 на овој закон се должни да му ги достават на Народниот правобранител веднаш, а најдоцна во рок од 8 дена од денот на приемот на барањето за доставување на податоците. Ако од објективни причини се спречени тоа да го сторат се должни, без одлагање, писмено да го известат Народниот правобранител за причините поради кои не се во можност да постапат.

Ако Народниот правобранител оцени дека причините од ставот 2 на овој член се оправдани ќе определи нов рок за доставување на бараните објаснувања, информации и докази.

Одбивањето и непочитувањето на барањата на Народниот правобрантел за преземањето на дејствијата од ставот 2 на овој член се смета за попречување на работата на Народниот правобранител.

**Член 25**

Народниот правобранител може за попречувањето на работата од членот 24 став 4 со посебен извештај да го информира непосредно повисокиот орган, функционерот што раководи со органот од членот 2 на овој закон или Владата на Република Македонија, а доколку тие не ги преземат потребните мерки Собранието на Република Македонија.

Народниот правобранител може, кога е утврдена повреда на уставните и законските права, на трошок на органот од членот 2 на овој закон на која се однесува предметот, случајот да го објави во средствата за јавно информирање.

**Член 26**

Лицата од членот 24 став 1 алинеја 3 од овој закон се должни да се јават на поканата на Народниот правобранител и да ги дадат потребните објаснувања во врска со поднесената претставка.

На барање на Народниот правобранител, претседателот на Република Македонија, претседателот на Собранието на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија и другите функционери кои раководат со органите од членот 2 на овој закон, се должни лично да го примат без одлагање.

**Член 27**

Органите од членот 2 на овој закон се должни да соработуваат со Народниот правобранител и на негово барање да му ги обезбедат сите докази, податоци и информации, без оглед на степенот на доверливост и да му овозможат спроведување на постапката.

Народниот правобранител е должен да ја чува државната и службената тајна на начин и под услови утврдени со закон и со друг пропис.

**Член 28**

Народниот правобранител може да го даде своето мислење на органите од членот 2 на овој закон во однос на заштитата на уставните и законските права и заштитатата на начелата на недискриминација и соодветната и правична застапеност на припадниците на заедниците за предметот што е во постапка, без оглед на видот и степенот на постапката што е во тек пред органите од членот 2 на овој закон.

Во однос на состојбите со обезбедувањето, почитување и заштита на уставните и законските права и начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците, Народниот правобранител, во рамките на својата надлежност, може по сопствена иницијатива да упатува препораки, мислења и критики до органите од членот 2 на овој закон.

**Член 29**

Народниот правобранител, во рамките на својата надлежност, ги следи состојбите во однос на обезбедувањето почитување и заштита на уставните и законските права на граѓаните и почитување на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците и со вршење посети и увиди во органите од членот 2 на овој закон.

**Член 30**

Народниот правобранител може до овластените предлагачи да дава иницијатива за измена и дополнување на закони и други подзаконски акти и нивно усогласување со меѓународни договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија.

Народниот правобранител може да поднесе предлог до Уставниот суд на Република Македонија за оценување на уставноста на законите и уставноста и законитоста на другите прописи или општи акти.

**Член 31**

Народниот правобранител ги следи состојбите на почитувањето и заштитата на уставните и законските права на лицата во органите, организациите и установите во кои слободата на движење е ограничена.

Народниот правобранител особено ги следи состојбите на почитувањето и заштитата на уставните и законските права на приведените, притворените и лицата

што издржуваат казна затвор или воспитно-поправна мерка во казнено-поправните и воспитно-поправните установи.

Посетите и увидите од ставовите 1 и 2 на овој член, Народниот правобранител може да ги изврши во секое време без претходна најава и одобрение, како и да разговара со лицата сместени во овие органи, организации или установи без присуство на службени лица.

Лицата лишени од слобода имаат право претставката да ја доставaт до Народниот правобранител во затворен плик без проверка од службените лица на органот, организацијата или установата во која се сместени и да добијат одговор во затворен плик без проверка од службените лица.

**Член 32**

Кога Народниот правобранител ќе констатира дека се повредени уставните и законските права на подносителот на претставката од органите од членот 2 на овој закон или пак се направени други неправилности, може:

- да даде препораки, предлози, мислења и укажувања за начинот на отстранување на констатираните повреди;
- да предложи повторно да се спроведе определена постапка согласно со законот;
- да покрене иницијатива за поведување на дисциплинска постапка против службено, односно одговорно лице и
- да поднесе барање до надлежниот јавен обвинител за покренување на постапка заради утврдување на казнена одговорност.

**Член 33**

Кога Народниот правобранител ќе констатира дека се повредени уставните и законските права на подносителот на претставката од органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања или дека се повредени начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедницата во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и јавните установи и служби или пак се направени други неправилности и доколку оцени дека извршувањето на управниот акт ќе произведе ненадоместлива штета за правото на заинтересираното лице, ќе бара:

- времено одложување на извршувањето на управниот актот до одлуката на второстепениот орган и
- времено одложување на извршувањето на управниот акт до донесување на одлука од надлежниот суд.

Органите од членот 2 од овој закон се должни веднаш, а најдоцна во рок од три дена од денот на приемот на барањето доставено од Народниот правобранител да ја донесат и да ја достават до Народниот правобранител одлуката со која управниот акт е времено одложен од извршување.

Надлежните органи се должни по завршувањето на постапката одлуката да ја достават и до Народниот правобранител.

**Член 34**

Органите од членот 2 на овој закон се должни да го известат Народниот правобранител за преземените мерки за спроведување на неговите барања, предлози, мислења, препораки или укажувања, во рокот што тој ќе го определи, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето доставено од Народниот правобранител.

Ако органот не го извести Народниот правобранител согласно ставот 1 на овој член или пак неговите заклучоци, барања, предлози, мислења, препораки или укажувања само делумно ги прифати, Народниот правобранител со посебен извештај за тоа го информира непосредно повисокиот орган, функционерот кој раководи со органот од членот 2 на овој закон или Владата на Република Македонија, а доколку тие не ги преземат потребните мерки Собранието на Република Македонија.

Народниот правобранител може, кога е утврдена повреда на уставните и законските права, на трошок на органот од ставот 2 на овој закон на која се однесува предметот, случајот да го објави во средствата за јавно информирање.

**Член 35**

Ако органите од членот 2 на овој закон постапат по барањата, препораките, мислењата, предлозите и укажувањата од членот 34 на овој закон во определениот рок, Народниот правобранител ќе констатира дека постапката е завршена и за тоа веднаш ќе го извести подносителот на претставката.

## IV. ЈАВНОСТ НА РАБОТАТА

### Член 36

За степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на уставните и законските права на граѓаните и за почитувањето на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците од страна на органите од членот 2 на овој закон, Народниот правобранител го информира Собранието на Република Македонија со годишен извештај.

Извештајот од ставот 1 на овој член Собранието на Република Македонија го разгледува на седница на Собранието на која задолжително присуствуваат членови на Владата на Република Македонија, односно нејзини претставници.

Извештајот на Народниот правобранител задолжително се објавува во средствата за јавно информирање.

### Член 37

Народниот правобранител за работите од својата надлежност на органите на единиците на локалната самоуправа на чие подрачје е организирана канцеларија како организациона единица на Народниот правобранител, може да им достави посебен извештај.

Посебните извештаи од став 1 на овој член, соопштенијата и другите преземени дејствија Народниот правобранител може да ги објави во средствата за јавно информирање.

## V. ПРАВНА ПОЛОЖБА НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

### Член 38

Народниот правобранител и замениците на народниот правобранител не можат да бидат повикани на одговорност за дадено мислење и преземени дејства, мерки и активности во вршењето на својата функција.

**Член 39**

Народниот правобранител, замениците на народниот правобранител и вработените во стручната служба на Народниот правобранител имаат службена легитимација.

Образецот, содржината, постапката и начинот на издавање, користење и одземање на службената легитимација со општ акт ги пропишува Народниот правобранител.

**Член 40**

Народниот правобранител и замениците на народниот правобранител кои до изборот биле во работен однос, имаат право во рок од 30 дена од престанокот на мандатот да се вратат на работно место кое одговара на нивниот степен на стручна подготовка**.**

**Член 41**

Народниот правобранител, замениците на народниот правобранител и вработените во стручната служба на Народниот правобранител имаат право и обврска на постојано стручно оспособување и усовршување.

За потребите на стручното оспособување и усовршување се обезбедуваат посебни средства во делот на Буџетот наменет за Народниот правобранител.

**Член 42**

Како посебни права на народниот правобранител и на замениците на народниот правобранител при вршењето на функцијата се сметаат:

- правото да влегуваат и да имаат слободен пристап на станиците, аеродромите и пристаништата само со покажување на службената легитимација;
- правото на бесплатна употреба на јавен, сувоземен или езерски сообраќај на територијата на Република Македонија и
- правото на посебна заштита на неговата личност, на семејството и имотот, по негово барање доставено до полицијата во местото на живеење, секогаш кога за тоа постојат сериозни причини за неговата безбедност.

## VI. СТРУЧНА СЛУЖБА

**Член 43**

Општите акти за организација на работата и систематизација на работните места со кои се утврдува и видот и бројот на државните службеници и работниците и нивните работни задачи, ги донесува народниот правобранител.

**Член 44**

Заради извршување на работите од надлежност на Народниот правобранител се организираат следниве канцеларии како подрачни организациони единици на Народниот правобранител:

1) Канцеларија на Народниот правобранител во Тетово;
2) Канцеларија на Народниот правобранител во Кичево;
3) Канцеларија на Народниот правобранител во Штип;
4) Канцеларија на Народниот правобранител во Струмица;
5) Канцеларија на Народниот правобранител во Куманово и
6) Канцеларија на Народниот правобранител во Битола.

Со канцелариите на Народниот правобранител раководи заменик на народниот правобранител.

Народниот правобранител со општ акт поблиску го регулира начинот на работата и бројот на вработените, во канцелариите на Народниот правобранител, кои ги вршат работите од надлежност на Народниот правобранител.

**Член 45**

Заради поефикасна и поуспешна заштита на уставните и законските права на граѓаните во одделни области, Народниот правобранител може да формира и организира одделенија.

Народниот правобранител со општ акт поблиску го регулира начинот на работа и бројот на вработените во одделенијата кои ќе ги вршат работите во обласста од надлежност на Народниот правобранител.

**Член 46**

Народниот правобранител од редот на раководните државни службеници именува генерален секретар.

Мандатот на генералниот секретар на Народниот правобранител на Република Македонија трае колку и мандатот на народниот правобранител.

Генералниот секретар на Народниот равобранител раководи со стручната служба.

**Член 47**

Народниот правобранител за својата работа донесува Деловник за работа на Народниот правобранител.

Со Деловникот за работа на Народниот правобранител поблиску се уредуваат начинот на работењето и постапката пред Народниот правобранител.

Деловникот за работа на Народниот правобранител се објавува во „Службен весник на Република Македонија".

## VII. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА

**Член 48**

Народниот правобранител заради извршување на неговата функција во неговата служба има соодветни ресурси, средства и персонал.

Средствата за работа на Народниот правобранител се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

Собранието посебно го гласа разделот наменет за Народниот правобранител во Буџетот на Република Македонија.

**Член 49**

Платата и другите надоместоци на народниот правобранител и замениците на народниот правобранител се определуваат со закон.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 50**

Деловникот за работа на Народниот правобранител и актите за организација на работата и систематизација на работните места, ќе се усогласат со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на законот.

Актот за начинот на остварување на посебните права на народниот правобранител, замениците на народниот правобранител и овластените лица од народниот правобранител од членот 42 на овој закон и актот за начинот на работата и бројот на вработените во организациските единици на Народниот правобранител од членот 44 став 3 на овој закон, ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Одлуката за бројот на замениците на народниот правобранител од членот 5 став 2 на овој закон, ја донесува Собранието на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 51**

Организационите единици ќе започнат со работа најдоцна во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 52**

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/97).

**Член 53**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

(„Службен весник на РМ“ бр. 114/2009)

**Член 1**

Во Законот за народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија“ број 60/2003), по членот 11 се додава нов член 11-а, кој гласи:

**“Член 11-а**

Народниот правобранител обезбедува посебна заштита на правата на децата, лицата со посебни потреби и на лицата кои се предмет на тортура и друг вид на свирепо, нечовечко или понижувачко постапување или казнување во органите, организациите и установите во кои слободата на движењето е ограничена.“

**Член 2**

Во членот 21, став 3 по зборот „лица“ се додаваат зборовите: „со посебни потреби и“, а по зборот „способност“ се додаваат зборовите: „како и лица кои се предмет на тортура и друг вид на свирепо, нечовечко или понижувачко постапување или казнување во органите, организациите и установите во кои слободата на движење е ограничена“.

**Член 3**

По членот 31 се додаваат два нови члена 31-а и 31-б, кои гласат:

**„Член 31-а**

Народниот правобранител во следењето на состојбите на почитувањето и заштитата на уставните и законските права на лицата во органите, организациите и установите во кои слободата на движење е ограничена, презема активности согласно со закон и меѓународни договори ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија.

Народниот правобранител за реализација на активностите од ставот 1 на овој член врши редовни и ненајавени посети во органите, организациите и установите во кои слободата на движење е ограничена за што подготвува посебен извештај. За начинот на остварувањето на посетите од ставот 2 на овој член Народниот правобранител донесува правилник.

**Член 31-б**

Службените лица во органите, организациите и установите во кои слободата на движење е ограничена, се должни на Народниот правобранител да му овозможат непречен пристап до сите документи и информации кои се однесуваат на лицата на кои слободата на движење им е ограничена.

Службените лица во органите, организациите и установите во кои слободата на движење е ограничена, се должни да постапат по укажувањата и препораките на Народниот правобранител и за постапувањето да го известат најдоцна во рок од 30 дена сметано од денот на приемот на посебниот извештај.“

**Член 4**

По членот 34 се додава нов член 34-а, кој гласи:

**„Член 34-а**

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице во органите од членот 2 на овој закон кое нема да постапи согласно со одредбите од членовите 31-б став 2 и 34 став 1 на овој закон.“

**Член 5**

Во членот 45 став 1 по зборот „области“ се додаваат зборовите: „или за одделнираниливи групи лица“.

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Народниот правобранител формира посебни одделенија за заштита на правата на децата и на лицата со посебни потреби, одделение за заштита на граѓаните од дискриминација и тортура и друг вид на свирепо, нечовечко или понижувачко

постапување или казнување, како и одделение за правична и соодветна застапеност на граѓаните.“

Ставот 2 станува став 3.

**Член 6**

Членот 48 се менува и гласи:

„Средствата за работа на Народниот правобранител се обезбедуваат во разделот на Буџетот на Република Македонија наменет за Народниот правобранител.

Предлогот за средствата за работа на Народниот правобранител пред доставувањето на предлогот на Буџетот на Република Македонија, Народниот правобранител го усогласува со Владата на Република Македонија преку Министерството за финансии.

При гласањето на Буџетот на Република Македонија на седницата на Собранието на Република Македонија задолжително присуствува народниот правобранител кој го образложува предлогот на пресметката на разделот на Буџетот на Република Македонија наменет за Народниот правобранител.

Со користењето, распределбата и намената на средствата за работа обезбедени во разделот на Буџетот на Република Македонија наменет за Народниот правобранител, Народниот правобранител располага самостојно.

Собранието на Република Македонија посебно гласа за разделот на Буџетот на Република Македонија наменет за Народниот правобранител.“

**Член 7**

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 8**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Врз основа на член 47 од Законот за народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/2003 и 114/2009), Народниот правобранител донесе

# Д Е Л О В Н И К

## за работа на Народниот правобранител

(„Службен весник на РМ“ бр. 92/2011, 120/2011)

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со Деловникот за работа на Народниот правобранител (во натамошниот текст: Деловник) поблиску се уредуваат начинот на работењето, постапката, како и други прашања значајни за работата на Народниот правобранител.

**Член 2**

Со примената на овој деловник се обезбедува законито и навремено вршење на работите од надлежност на Народниот правобранител.

За спроведување и правилна примена на Деловникот се грижи Народниот правобранител, кој дава задолжителни наредби, упатства и толкувања за негова примена.

Народниот правобранител во случај на спреченост (отсуство, болест и сл.) го заменува заменик на народниот правобранител, кој тој ќе го овласти.

**Член 3**

Седиштето на Народниот правобранител е во Скопје.

На зградата во која е сместен Народниот правобранител се истакнува називот „Република Македонија Народен правобранител на Република Македонија“, седиштето, грбот и знамето на Република Македонија и белезите на институцијата.

На зградата во која се наоѓа канцеларијата на Народниот правобранител се истакнува називот, седиштето, грбот и знамето на Република Македонија Македонија и белезите на институцијата.

**Член 4**

Народниот правобранител има свој печат, штембил и приемен штембил.

Печатот има форма на круг со пречник од 32 мм, кој го содржи грбот на Република Македонија, а околу него е испишан називот „Република Македонија - Народен правобранител – Скопје“.

Штембилот има правоаголна форма со димензии 60 x 30 мм на кој се наоѓа грбот на Република Македонија и назив „Република Македонија, Народен правобранител“, број, датум и седиште.

Приемниот штембил има правоаголна форма со димензии 60 x 30 мм, над кој се наоѓа називот „Република Македонија - Народен правобранител“ и седиштето.

Во средината во определените графи се наоѓаат зборовите „примено“, „број“, „прилог“.

Печатот и штембилот се ставаат на сите писмена што ги донесува Народниот правобранител.

Приемниот штембил се става на писмената што ги прима Народниот правобранител и се заведуваат во деловодник и уписници.

Печатот и штембилите се изработуваат, користат и чуваат во согласност со посебниот закон, со кој се пропишува формата, големината, начинот на нивно чување и употребата.

**Член 5**

Во постапката пред Народниот правобранител службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

Во постапката пред Народниот правобранител службен јазик е и јазикот и писмото што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, како што е определено со закон.

**Член 6**

Заради координирање и ефикасност на работењето на институцијата во целина, народниот правобранител по потреба свикува и раководи со колегиумот.

Колегиумот го сочинуваат народниот правобранител и неговите заменици. Заменициите од подрачните канцеларии на народниот правобранител во работата на колегиумот учествуваат преку видео-конференциска врска.

Во работата на колегиумот учествува генералниот секретар и евентуално други државни службеници вработени во стручната служба на Народниот правобранител, доколку тоа е потребно.

На колегиумот се разгледуваат и утврдуваат прашања од значење за работата на Народниот правобранител, а особено:

- предлог-подзаконски и други акти што ги донесува Народниот правобранител;
- годишниот извештај за работата на Народниот правобранител;
- предлог-програмата за работата на Народниот правобранител;
- предлог-финансискиот годишен извештај за работата на Народниот правобранител;
- предлог-финансискиот план и завршната сметка;
- одделни посложени прашања од значење за работата на Народниот правобранител;
- утврдување начини за поефикасно остварување на работите од надлежност на Народниот правобранител и сл.

За работата на колегиумот се води записник, а по потреба и истиот се снима во аудио и видео формат.

II. РАСПОРЕД НА РАБОТАТА

**Член 7**

Во зависност од бројот и видот на предметите по кои ќе се работи, како и врз основа на конкретната оцена на потребите за ефикасност на постапувањето и успешно остварување на функцијата на институцијата, народниот правобранител врши распоредување на работите во седиштето и подрачните канцеларии на Народниот правобранител, по групи на правни области и во посебни одделенија и ги определува заменициите и државните службеници кои ќе ги извршуваат соодветните работи и работни задачи.

**Член 8**

За конкретизација на работите и работите задачи што спаѓаат во надлежност на институцијата, во почетокот на годината, Народниот правобранител врз основа на претходно добиени предлози, донесува програма за работа на Народниот правобранител.

Во програмата за работа се конкретизираат работите и задачите на институцијата за спроведување на надлежноста на Народниот правобранител предвидена во одредбите од Уставот на Република Македонија, Законот за народниот правобранител и соодветните меѓународни акти.

Поради значително зголемен број на предмети или поради други оправдани причини, утврдената годишна програма за работа може во текот на годината да се изменува и дополнува.

**Член 9**

При одлучувањето за мерките што треба да се преземат, особено се има предвид:

- значењето, односно вредноста на заштитеното право кое е повредено или може да биде повредено;

- можноста за повреда на уставните и законските права на поголем број граѓани;

- начинот и околностите под кои дошло или може да дојде до повреда на уставните и законските права;

- другите законски можности за заштита на загрозеното уставно и законско право.

**Член 10**

Ако во текот на постапката за разрешување на одредено прашање по предмет е потребно посебно стручно знаење, Народниот правобранител може да побара мислење од научни и стручни институции.

За преземање на дејствијата од став 1 на овој член одлучува народниот правобранител.

**Член 11**

Работењето на Народниот правобранител се одвива со примена на информатичка и комуникациска технологија (ИКТ), која обезбедува апликативни решенија за автоматска обработка на предметите, електронско, унифицирано и прецизно водење на предметите и формирање електронски форми на податочни фајлови.

**II-A. Заштита на уставните и законските права на граѓаните и на сите други лица**

**Член 12**

Работите за заштита на уставните и законските права на граѓаните, кои се преземаат во седиштето на Народниот правобранител во Скопје, се поделени во четири групи кои ги опфаќаат следните области:

I. Граѓански слободи и права (полиција, обвинителство, судство, затвори, одбрана и сл.).

II. Права од социјална заштита и социјална сигурност (социјални права, пензиско и инвалидско осигурување, здравстено осигурување, образование, наука, култура, спорт и сл.).

III. Економски права и уредување и хуманизација на простор (имотно-правни односи, урбанизам и градежништво, станбени односи, финансии, царина и сл.).

IV. Право на работа, еколошки права и права на корисници на услуги (работни односи, потрошувачки права, животна средина и други области).

Заштитата на правата на децата и на лицата со посебни потреби, заштитата на граѓаните од дискриминација, почитување на принципот на правична и соодветна застапеност на граѓаните, како и заштитата на граѓаните од тортура и друг вид на свирепо, нечовечко или понижувачко постапување или казнување, се врши во седиштето на Народниот правобранител, а по потреба, одредени дејства во постапката, се преземаат и од подрачните канцеларии.

**Член 13**

По овластување на Народниот правобранител, секој заменик постапува по утврдените области определени во една од групите наведени во член 12 на овој деловник.

Во зависност од потребите, обемот на работата или други околности, Народниот правобранител за постапување по дел од претставките од одредена област може да определи и друг заменик.

За спроведување на постапката по одредени посложени предмети, како и во случај кога повредите на уставните и законските права на граѓаните се однесуваат на повеќе различни области, Народниот правобранител може да формира посебен тим составен од заменици на народниот правобранител или од државни службеници.

Замениците во подрачните канцеларии на Народниот правобранител, работите за заштита на уставните и законските права на граѓаните ги преземаат за сите области определени во групите наведени во член 12 на овој деловник.

За предметите за кои се постапува во седиштето на Народниот правобранител во Скопје, определени дејства во постапката може да бидат преземени во меѓусебна координација и од подрачните канцеларии и обратно.

**Член 14**

Во случаи кога претставката се однесува на права од повеќе области постапува заменикот за чијашто област случајот воглавно се однесува.

Доколку претставката опфаќа различни области што се меѓусебно поврзани, народниот правобранител одлучува, кој ќе постапува во тој случај.

Ако заменикот на народниот правобранител поради конфликт на интереси или поради други причини не е во можност да постапува по претставката што припаѓа на неговата област, народниот правобранител одлучува кој од другите заменици ќе постапува по претставката.

II-Б. Следење на состојбите и заштита на правата на децата и на лицата со посебни потреби

**Член 15**

Дејствата и мерките за постапување по претставките што се однесуваат на заштита на правата на децата и на лицата со посебни потреби, следење на состојбите и вршење соодветни истражувања во областа, согласно насоките на народниот правобранител се преземаат од заменик кој за тоа ќе биде овластен од народниот правобранител и од вработените во Организациската единица за заштита на правата на децата и на лицата со посебни потреби.

За преземање на дејствата и мерките од ставот 1 на овој член, народниот правобранител може да овласти и еден од раководните државни службеници.

За потребата од утврдување на состојбата, спроведување, изготвување, доставување и објавување посебни истражувања, анализи и извештаи за утврдената состојба по однос на работите од ставот 1, на овој член, одлучува народниот правобранител.

II-В. Следење на состојбите и заштита од дискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците

**Член 16**

Дејствата и мерките за заштита на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и јавните установи и служби согласно насоките на народниот правобранител се преземаат од заменик кој за тоа ќе биде овластен од народниот правобранител и од вработените во Организациската единица за заштита на граѓаните од дискриминација и правична и соодветна застапеност на граѓаните.

За преземање на дејствата и мерките од ставот 1 на овој член, народниот правобранител може да овласти и еден од раководните државни службеници.

За потребата од утврдување на состојбата, спроведување, изготвување, доставување и објавување посебни истражувања, анализи и извештаи за утврдената состојба по однос на работите од ставот 1, на овој член одлучува народниот правобранител.

**Член 17**

При следење на состојбите за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците Народниот правобранител ќе постапува: по поднесени претставки; по сопствена иницијатива ако на кој било начин дојде до сознанија дека не се почитуваат овие начела; врз основа на извршени непосредни увиди во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и јавните установи и служби; со следење на програмски предвидените обврски на органите и организациите; со следење на огласите за прием на нови работници во органите и организациите што се должни да ги почитуваат наведените уставни начела и сл.

**Член 18**

Заради обезбедување и почитување на уставните и законските права и начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците Народниот правобранител може по сопствена иницијатива да доставува: препораки, мислења и критики до органите пред кои е надлежен да постапува доколку оцени дека со одделни општи или поединечни акти, со преземање или непреземање одредени активности на наведените органи или организации не се почитуваат или не се создаваат правни механизми за почитување и остварување на правата на граѓаните и за остварување на наведените начела во однос на припадниците на заедниците.

II-Г. Народниот правобранител - национален превентивен механизам

**Член 19**

Активностите за превенција од тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување се преземаат од вработените во Организациската единица за превенција од тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување - Национален превентивен механизам.

Националниот превентивен механизам врши редовни (најавени и ненајавени) посети на сите места каде се или може да бидат задржани лица лишени од слобода и врз основа на направениот увид подготвува посебни извештаи.

Националниот превентивен механизам изготвува годишен извештај за посетите на местата каде лица се лишени од слобода во кој се вклучени забелешки и препораки до релевантните органи со цел подобрување на постапувањето и на условите на лицата лишени од слобода.

Националниот превентивен механизам поднесува предлози и согледувања во врска со постоечкото или со нацрт-законодавството.

За времето и методот на реализација на активностите од ставот 2 на овој член, одлучува народниот правобранител.

**Член 20**

Националниот превентивен механизам за да може да оствари посета на место каде лица се лишени од слобода и да подготви посебен извештај има непречен пристап до сите информации што се однесуваат на бројот на лица лишени од слобода, непречен пристап до информации за однесувањето кон овие лица, пристап до сите места каде лицата се задржуваат или престојуваат, како и да врши разговор со лица лишени од слобода без надзор.

Националниот превентивен механизам ги чува во доверливост собраните податоци и не објавува лични податоци без јасно дадена согласност на конкретното лица.

Посебните извештаи опфаќаат констатирани состојби и препораки за поединечни посети, а годишниот извештај опфаќа сублимирани заклучоци и препораки од извршените посети и други спроведени активности во тековната година.

Народниот правобранител го следи спроведувањето на дадените препораки преку непосредни контакти со службените лица во местата каде се врши лишување од слобода, како и со другите надлежни органи и организации согласно член 2 од Законот за народниот правобранител.

За начинот на подготвување, доставување и објавување на посебните извештаи одлучува Народниот правобранител.

**Член 21**

Народниот правобранител разгледува и други прашања што се од интерес за заштита на уставните и законските права кои имаат основа во други извори и сознанија (по пат на средствата за јавно информирање и друго), а се однесуваат на неправилности во работењето на органите, организациите, органите на единиците на локалната самоуправа и јавните установи и служби.

III. СТРУЧНА СЛУЖБА

**Член 22**

За вршење на стручните и другите административно-технички работи, Народниот правобранител формира Стручна служба.

Организацијата и начинот на работа на стручната служба се уредува со општ акт.

**Член 23**

Со Стручната служба на Народниот правобранител раководи генералниот секретар.

**Член 24**

Народниот правобранител, замениците на народниот правобранител, вработените во Стручната служба на Народниот правобранител и вработените во Стручната служба на Народниот правобранител - национален превентивен механизам имаат службени легитимации.

Образецот, содржината, постапката, начинот на издавање, користењето и одземањето на службената легитимација ги пропишува народниот правобранител со правилник.

IV. ФОРМИРАЊЕ ПРЕДМЕТИ И ПОСТАПУВАЊЕ СО ФОРМИРАНИТЕ ПРЕДМЕТИ

**Член 25**

За работите од својата надлежност и за преземање дејствија за кои е овластен, Народниот правобранител, врз основа на примените претставки и други поднесоци формира предмет.

Предмет се оформува и по сопствена иницијатива, врз основа на добиени сознанија за повреда на уставните и законските права на граѓаните и другите лица или врз основа на дознавање на кој било друг начин.

Народниот правобранител во текот на постапката по барање на подносителот на претставката може да му дозволи увид во предметот и да му даде копија од одговорот добиен од органот, односно организацијата каде подносителот води постапка за остварување некое право.

**Член 26**

Текот на постапката и начинот на работа на Народниот правобранител опфаќа:

- прием и обработка на претставките и други писмена доставени до Народниот правобранител;

- упис на примените претставки и други писмена, формирање предмет и негово внесување во системот за автоматска обработка на податоците;

- распределување на предметите на замениците и советниците;

- постапување по предметите;

- административно-техничка обработка на предметите;

- достава на писмената и

- архивирање, чување и користење на предметите.

**Член 27**

Приемот, прегледувањето и распоредувањето на писмената, заведувањето, доставувањето во работа, административно-техничката обработка, испраќањето, разгледувањето, класификацијата и одлагањето на свршените акти во писарницата, се вршат во согласност со Законот за општата управна постапка и прописите за канцелариско и архивско работење.

**Член 28**

Примените и распоредени поднесоци, со кои се формира нов предмет, се заведуваат во соодветни уписници, под датум на приемот и се регистрираат во определени именици.

Поднесоците заведени во уписниците добиваат соодветна обвивка на која на горниот дел од насловната страница се внесува називот на Народниот правобранител, под него во левиот агол организациската единица, во десниот агол архивскиот знак, рокот на чување, датум и место и на долниот дел се внесуваат општите податоци за предметот.

**Член 29**

Распоредувањето и доделувањето на предметите и списите од писарницата, на народниот правобранител, замениците и вработените во стручната служба се врши електронски и преку внатрешна доставна книга.

Доставувањето на барањата и другите акти, односно писмена до органите, организациите и установите, известувањата до странките и другите лица се врши со доставна книга или преку пошта.

**Член 30**

Предметите се решаваат според редот на приемот, освен во итни или други оправдани случаи.

**Член 31**

Предметите, службените материјали, печатите, штембилите и останатиот канцелариски прибор се чуваат заклучени.

Работните простории по завршување на работното време се чуваат заклучени.

Доколку во работното време, во работната просторија нема вработен, истата се заклучува.

**Член 32**

Постапката за заштита на уставните и законските права на граѓаните и другите лица пред Народниот правобранител и заштитата на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и јавните установи и служби, се покренува со поднесување претставка.

Претставка до Народниот правобранител може да поднесе секој граѓанин (лично или преку полномошник) и друго лице кое остварува одредени права пред органите на државната управа и пред други органи и организации што имаат јавни овластувања во Република Македонија.

Народниот правобранител постапува и по претставки поднесени од здруженија на граѓани кога станува збор за заштита на уставните и законски права на граѓаните.

Претставка до Народниот правобранител може да се поднесе писмено, усно и во друга форма (по телефон, телефакс, по електронска пошта и на друг начин).

**Член 33**

Јазикот и писмото на кој е напишана претставката не претставува пречка за комуникација со Народниот правобранител. Со Народниот правобранител може да се комуницира на кој било јазик и писмо.

Народниот правобранител во постапката по претставката одговара на македонски јазик и неговото писмо и на службениот јазик и писмо што го употребува странката.

**Член 34**

Претставките и другите писмена што се примаат во канцеларијата на Народниот правобранител се заведуваат во азбучник според личното име и називот на подносителот и соодветните уписници и по нив се образуваат предмети во соодветна група на области.

Претставката поднесена до Народниот правобранител треба да ги содржи податоците предвидени во член 16 од Законот за народниот правобранител.

Доколку претставката е неразбирлива и не ги содржи потребните факти и докази, Народниот правобранител од подносителот ќе побара да ја појасни и дополни во рок кој не може да биде пократок од осум ниту подолг од триесет дена.

**Член 35**

Лицата од член 32, став 2 и 3 на овој деловник претставките ги поднесуваат до најблиската подрачна канцеларија на Народниот правобранител според нивното живеалиште или престојувалиште.

Доколку претставката е поднесена во Канцеларијата во Скопје, а живеалиштето или престојувалиштето на подносителот е на територија на некоја од подрачните канцеларии, претставката ќе се препрати до соодветната подрачна канцеларија, за што ќе биде известен и подносителот.

Во случај претставката да се однесува на акти или дејствија на орган или организација чие седиште е на подрачјето на некоја од подрачните канцеларии, претставката може да се препрати до соодветната канцеларија.

**Член 36**

Народниот правобранител може да оформи претставка и по сопствена иницијатива врз основа на сознанија за сторени повреди на уставните и законските права или за повреда на начелото на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците, но во тој случај пред да покрене постапка должен е да побара согласност од лицето на кое се однесува повредата.

Доколку во определениот рок кој не може да биде пократок од 8 ниту подолг од 30 дена не добие согласност, Народниот правобранител нема да покрене постапка.

Без согласност од став 1 на овој член Народниот правобранител може да покрене постапка кога се работи за повреда на уставните и законските права на поголем број граѓани, малолетни, немоќни лица, со посебни потреби и со одземена деловна способност.

Во случај од став 3 на овој член Народниот правобранител веднаш, а најдоцна во рок од 15 дена го известува лицето во чие име е покрената постапка, односно родителот, центарот за социјални работи или старателот, освен кога повредата се однесува на поголем број граѓани.

За покренување постапка по сопствена иницијатива одлучува народниот правобранител.

**Член 37**

Во случај кога Народниот правобранител ќе констатира повреда на уставните и законските права или повреда на начелото на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и јавните установи и служби на поголем број граѓани, малолетни, немоќни лица, со посебни потреби и со одземена деловна способност, ќе покрене постапка по сопствена иницијатива без претходно добиена согласност.

V. ВОДЕЊЕ УПИСНИЦИ И ПОМОШНИ КНИГИ

**Член 38**

Заведувањето на претставките и другите писмена и нивното скенирање во Канцеларијата на Народниот правобранител се врши рачно во соодветни уписници и во електронска форма, а распределбата на предметите се врши електронски и со доставна книга.

Заради заведување на писмената се водат следните уписници:

- општ уписник „НПР“ (Образец бр. 1);
- уписник за предмети „НП“ (Образец бр.2);
- уписник за Народниот правобранител - национален превентивен механизам „НП-НПМ“ (образец бр. 3),

- упсиник за барања информации од јавен карактер „НП-ИЈК“ (образец бр. 4)
- доверливи уписници „ДОВ“ (Образец бр. 5),

Уписниците „НП“ и „НПР“ се водат како посебни книги и во подрачните канцеларии со што истите се обележуваат со: /ТЕ за Тетово, /КЧ за Кичево, /БТ за Битола, /ШТ за Штип, /СТ за Струмица и /КУ за Куманово.

Доверливите писмена се заведуваат во Канцеларијата во Скопје.

Обрасците на уписниците се составен дел на овој деловник.

Покрај наведените уписници, Народниот правобранител може, по потреба, да води и други уписници и евиденции.

**Член 39**

Во уписникот „НПР“ се заведуваат писмената што не се заведуваат во преходните уписници.

Во уписникот „НП“ се заведуваат претставките од член 32, став 2 и 3 и претставките формирани по сопствена иницијатива.

Во уписникот „НП-НПМ“ се заведуваат писмената за активностите за превенција на тортура и друг вид свирепо, нечовечко или понижувачко постапување или казнување во сите места каде лицата се или можат да бидат лишени од слобода, како и писмената за останатата кореспонденција во Република Македонија и странство.

Во уписникот „НП-ИЈК“ се заведуваат барањата, преземените дејства и останатите писмена согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

Во доверливите уписници се заведуваат доверливите писмена.

**Член 40**

Заради полесно и побрзо пронаоѓање на предметите заведени во уписниците, Народниот правобранител води именици.

Имениците се водат во книга или по систем на картотека.

**Член 41**

Уписниците се водат одделно според видот на предметите.

Уписниците се водат така што во секое време да може од нив да се утврди каде и во кој стадиум на постапка се наоѓа определен предмет.

Уписниците и помошните книги по завршувањето на работното време се чуваат заклучени.

**Член 42**

Уписниците се состојат од потребен број листови на пропишани обрасци сврзани во книга со тврди корици. На кориците се става ознаката и годината на која уписникот се однесува.

Еден уписник може да се користи повеќе години, на начин што, по завршувањето на тековната година, се остава првата наредна страница од уписникот и на следната се продолжува со новата уписна година.

На ист начин се образуваат и другите помошни книги.

**Член 43**

Заведувањето на писмената во уписниците и помошните книги се врши хронолошки.

Секој предмет во уписникот до завршувањето на постапката се води под ист број.

**Член 44**

Уписниците се заклучуваат на крајот на годината.

Заклучувањето се врши така што по последниот запишан реден број се става констатација која ги содржи следните податоци: ден, месец и година на заклучувањето, редниот број на последното запишување, бројот на поништените запишувања, бројот на решените предмети и бројот на предметите кои на крајот на годината останале нерешени.

Оваа констатација ја потпишуваат овластениот државен службеник или друг вработен и генералниот секретар.

Помошните книги по правило не се заклучуваат.

**Член 45**

Предметите кои на крајот од годината останале нерешени, се пренесуваат во наредната година заради евиденција, така што на првата страница на уписникот се заведуваат броевите на тие предмети. Сите запишувања кои се однесуваат на тие предмети се вршат во поранешниот уписник. Ако предметот е решен во текот на годината, во поранешниот уписник кај односниот реден број ќе се стави знак за решен предмет, додека на другата страна од новиот уписник со црвен молив ќе се прецрта соодветниот реден број.

VI. АРХИВИРАЊЕ ПРЕДМЕТИ

**Член 46**

Архивирањето на предмети се врши по завршувањето на постапката.

Предметите кои се чуваат во архива се заштитуваат од влага и пожар и се обезбедуваат од оштетување, уништување и кражба.

**Член 47**

Предметите пред да се архивираат се проверува дали списите во нив се хронолошки наредени и дали предметот е конечно завршен.

Завршените предмети се средуваат според видот на предметите и според редните броеви од ознаката на списот од одделните уписници и во посебни фасцикли.

Со архивираните предмети се ракува согласно прописите за архивско работење.

VII. СТАТИСТИКА

**Член 48**

За работењето по претставките се водат статистички прегледи.

Начинот и методот на водењето на статистиката го определува народниот правобранител.

**Член 49**

Овластените државни службеници за информатика и статистика преземаат мерки за уредно вршење на работите од статистиката, за навремено доставување на извештаите до народниот правобранител и другите субјекти и за нивно чување.

Еднаш месечно или по потреба се составуваат прегледи за работа од кои се гледа бројот и видот на предмети по области, бројот на решени и нерешени предмети, бројот на примени предмети и бројот на предмети кои на крајот на извештајниот период останале незавршени.

Врз основа на податоците од уписниците и предметите се пополнуваат статистички извештаи и листови, од кои се согледуваат состојбите и се составуваат повремени и годишни извештаи за работата на народниот правобранител.

VIII. ПРИЕМ НА СТРАНКИ

**Член 50**

Странките можат секој работен ден да дојдат на разговор без претходна најава при што ќе бидат примени од страна на раководни и стручни државни службеници одредени од генералниот секретар.

Странките се евидентираат во дневна книга за странки.

Народниот правобранител и замениците, исто така, вршат прием на странки.

Во дневната книга на странки се запишуваат следниве податоци: реден број на странката, датум на посета, односно прием, име и презиме на странката, адреса, број на телефон и кратка содржина на разговорот

**Член 51**

Народниот правобранител по потреба може да организира прием на странки и надвор од седиштето во Скопје и од подрачните канцеларии.

IX. БИБЛИОТЕКА

**Член 52**

Народниот правобранител има стручна библиотека.

Библиотеката ја сочинуваат изданија, извештаи, закони и други прописи со нивни коментари, особено во однос на заштитата на уставните и законските права на

граѓаните и заштитата на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците, друга стручна литература, книги, списанија и службени весници, во било кој облик – пишан, електронски и сл.

Генералниот секретар или лице кое тој ќе го одреди се грижи за набавка на книги – стручна литература и претплата на списанија и други публикации, како и за одржување на книжниот фонд.

**Член 53**

Со библиотеката раководи библиотекар.

Во библиотеката се води книга на инвентар за книги и книга на инвентар за периодични публикации во кои хронолошки се внесуваат набавките.

Работите во библиотеката се извршуваат во согласност со прописите за библиотечната дејност.

Примероци од стручната библиотека (закони, службени гласила, друга стручна литература, збирки на видео, аудио и ИТ медиуми), се користат во просториите на библиотеката, а по потреба, со одобрение од генералниот секретар и надвор од неа.

X. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

**Член 54**

Заради обезбедување објективно, навремено и точно известување на јавноста за својата работа, транспарентност во работењето и доближување на институцијата до граѓаните и другите лица, Народниот правобранител за својата работа ја информира јавноста преку својата вебстраница, прес-конференции, соопштенија, билтени, публикации, посебни извештаи, со објавување годишен извештај и на друг начин.

Информирањето го врши народниот правобранител лично, портпаролот на институцијата или заменик на народниот правобранител, односно државен службеник, кој тој ќе го овласти.

При информирање на јавноста Народниот правобранител постапува во согласност со прописите за заштита на приватноста и тајноста на податоците што се однесуваат на подносителите на претставките, а води сметка и за интересите на постапката.

**Член 55**

На вебстраницата на Народниот правобранител се внесуваат општи податоци за институцијата (законска рамка, народен правобранител, заменици на народниот правобраните, стручна служба), организациска поставеност, надлежност и начин на работа, услуги за граѓаните и другите лица, како до народниот правобранител, можности на институцијата, контакт податоци, начин на поднесување претставка, предметно работење, листа на информации од јавен карактер, информативен дел (најнови вести, тековни активности, соопштенија, извештаи, анализи, билтени и други информации), меѓународна соработка, хиперлинкови до други органи и организации и др.

**Член 56**

Народниот правобранител за својата работа изготвува годишен извештај, посебни извештаи и други соодветни анализи.

Годишниот извештај за претходната година Народниот правобранител го поднесува на Собранието на Република Македонија до 31 март во тековната година.

Годишниот извештај ги содржи наодите за степенот на почитување на човековите права и слободи на граѓаните на Република Македонија, опис на битните проблеми, статистички податоци на добиени, обработени и претставки по кои се уште се постапува, опис на поединечни специфични случаи на повреди, како и извештај за другите активности на Народниот правобранител.

**Член 57**

Доставувањето посебни извештаи до органите на единиците на локалната самоуправа на чие подрачје е организирана канцеларија како подрачна организациска единица на Народниот правобранител и до службените лица во органите, организациите и установите во кои слободата на движење е ограничена, Народниот правобранител го врши по потреба.

**Член 58**

Народниот правобранител - национален превентивен механизам го изготвува и го објавува годишниот извештај за утврдените состојби во поглед на постапувањето и условите каде се сместени лицата лишени од слобода и го дистрибуира до сите релевантни органи, организации и институции.

Националниот превентивен механизам го доставува годишниот извештај до Поткомитетот за превенција на тортура во Обединетите нации, а по потреба и до други меѓународни институции и организации кои работат на превенција на тортура и друг вид сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување.

XI. СОРАБОТКА НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ СО ДРУГИ ОРГАНИ И ОРГАНИЗАЦИИ

**Член 59**

Народниот правобранител соработува, остварува контакти и испраќа информации со владини и невладини институции и асоцијации што работат на полето на заштита и унапредување на човековите права и слободи, заштита на правата на децата и  недскриминацијата и соодветаната и кои работат на спречување тортура и друг вид сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.

Во остварувањето на својата функција заради стручно усовршување и унапредување на работата на Народниот правобранител може да се организираат семинари, стручни советувања, договорни состаноци и слично.

**Член 60**

Народниот правобранител соработува со сродни институции и асоцијации во странски земји и со соодветни меѓународни организации.

XII. КОМИСИИ И РАБОТНИ ТЕЛА

**Член 61**

За вршење на одредени работи што бараат тимска работа на вработените од различни организациски единици во Народниот правобранител, како и во други случаи определени со закон или друг пропис, Народниот правобранител може да формира постојани или повремени комисии и работни тела.

Со актот за формирање, народниот правобранител го утврдува бројот на членовите на комисиите и работните тела и ги определува нивните задачи.

XIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 62**

Измени и дополнувања на овој деловник, се вршат на начин и постапка што важат за негово донесување.

**Член 63**

Со денот на влегување во сила на овој деловник престанува да важи Деловникот на народниот правобранител („Службен весник на РМ“ бр. 11/2005).

**Член 64**

Овој деловник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**

**Иџет Мемети**




* Четворица заменици во канцеларијата во Скопје и по еден заменик во подрачните канцеларии во: Битола, Кичево, Куманово, Струмица, Тетово и Штип

Врз основа на член 39 од Законот за народниот правобранител („Службен весник РМ“ бр. 60/2003 и 114/2009), Народниот правобранител донесува

## *П Р А В И Л Н И К*
## за формата, содржината и постапката за издавање, користење и одземање на службената легитимација на народниот правобранител, замениците и вработените во Стручната служба на Народниот правобранител

(„Службен весник на РМ“ бр. 65/2011)

**Член 1**

Со овој правилник се уредува формата, содржината и постапката за издавање, користење и одземање на службената легитимација на народниот правобранител, замениците, вработените во Стручната служба на Народниот правобранител и вработените во Стручната служба на Народниот правобранител како национален превентивен механизам.

**Член 2**

Службената легитимација е со димензии 8 см. x 11 см. и се состои од два дела: едниот дел е корицата, а другиот дел е пластифицирана светло сива влошка на чија позадина се наоѓа логото на институцијата, со податоци за носителот на службената легитимација и неговите овластувања.

Корицата на службената легитимација е изработена од природна кожа во кафеава боја.

На предната страна на корицата, во горниот дел е изгравиран текстот: „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ“, во средината е изгравирано логото на Народниот правобранител, а под него е изгравиран текстот: „СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА“.

Во внатрешната десна страна од кожната корица се втиснува во метална форма логото на Народниот правобранител со големина од 4 см.

На предната страна од влошката, е отпечатен текстот „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ“, за легитимацијата на вработените во Стручната служба на Народниот правобранител како национален превентивен

механизам е отпечатен текстот „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НАЦИОНАЛЕН ПРЕВЕНТИВЕН МЕХАНИЗАМ“, а под него текстот „СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА“. Под овој текст на левата страна се наоѓа место за фотографија, а од десната страна регистарски број, датум на издавање, потпис на народниот правобранител или на овластено лице и место на печат (М.П.). На истата страна во долниот дел се впишуваат податоци: име и презиме, функција, односно звање, матичен број и адреса на живеење на носителот на службена легитимација.

Втората страна од влошката, за службената легитимација на народниот правобранител и неговите заменици содржи извадоци од одредбите од Законот за народниот правобранител („Службен весник на РМ“ бр. 60/2003 и 114/2009) во врска со овластувањата и посебните права, со текст наведен на образецот. Втората страна од влошката, за службената легитимација на вработените во Стручната служба кои постапуваат по претставки на граѓани и други лица содржи извадоци од одредбите од Законот за народниот правобранител („Службен весник на РМ“ бр.60/2003 и 114/2009), во врска со овластувањата, со текст наведен на образецот.

Втората страна од влошката, за службената легитимација на вработените во Стручната служба на Народниот правобранител како национален превентивен механизам содржи извадоци од одредбите од Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друг вид на сурово, нехумано или понижувачко постапување или казнување („Службен весник на РМ“ бр. 165/2008) и од Законот за народниот правобранител („Службен весник на РМ“ бр. 60/203 и 114/2009), во врска со овластувањата, со текст наведен во образецот.

За другите носители на службената легитимација, на втората страна од влошката нема текст.

**Член 3**

Обрасците на службената легитимација се отпечатени кон овој правилник и се негов составен дел.

**Член 4**

Народниот правобранител или од него овластено лице, ја издава службената легитимација по изборот, односно вработувањето во стручната служба на Народниот правобранител и има важност додека лицето на кое му е издадена има службено својство на народен правобранител, заменик - народен правобранител, вработен во

Стручната служба на Народниот правобранител и вработен во Стручната служба на Народниот правобранител како национален превентивен механизам.

**Член 5**

Лицето на кое ќе му престане функцијата или работниот однос во Стручната служба на Народниот правобранител, односно во Стручната служба на Народниот правобранител како национален превентивен механизам ја враќа службената легитимација.

Службената легитимација што се враќа или заменува се поништува.

**Член 6**

За издадените и одземените службени легитимации во Народниот правобранител се води евиденција.

Евиденцијата за издадена службена легитимација содржи: реден број, име и презиме на лицето на кое му се издава службената легитимација, дата на издавањето, сериски број и рубрика за забелешка.

**Член 7**

Службената легитимација се заменува со нова кога поради оштетување или дотраеност ќе стане неупотреблива, доколку носителот на кого му е издадена ја изгуби и кога имателот на службената легитимација ќе ги промени личните податоци.

Секој носител на службена легитимација веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа го известува народниот правобранител доколку службената легитимација ја изгубил, а во случај кога се заменува со нова поради оштетување или дотраеност, имателот на легитимацијата треба да ја врати при издавањето нова.

**Член 8**

Службената легитимација на народниот правобранител, замениците и вработените во Стручната служба на Народниот правобранител издадена согласно Правилникот за формата, содржината и постапката за издавање, користење и одземање на службената легитимација на народниот правобранител, замениците и вработените во Стручната служба на Народниот правобранител („Службен весник на

РМ“ бр. 11/2005), ќе биде заменета најдоцна во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

**Член 9**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата, содржината и постапката за издавање, користење и одземање на службената легитимација на народниот правобранител, замениците и вработените во Стручната служба на народниот правобранител („Службен весник на РМ“ бр. 11/2005).

**Член 10**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**

**Иџет Мемети**

ОБРАСЦИ – 5 (пет)





Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА

РЕГИСТАРСКИ БРОЈ

ДАТУМ НА ИЗДАВАЊЕ

М.П. Народен правобранител
Иџет Мемети

Име и презиме

Звање

ЕМБ Г

Адреса на живеење



Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА

РЕГИСТАРСКИ БРОЈ

ДАТУМ НА ИЗДАВАЊЕ

М.П.

Народен правобранител
Иџет Мамет

Име и презиме

Функција

ЕМБГ

Адреса на живеење

**Носителот на оваа легитимација со Законот за народниот правобранител („Службен весник на РМ“ бр. 60/2003 и 114/2009), е овластен:**

- да влезе во службените простории на органите од член 2 од Законот, да изврши непосреден увид во предметите и работите од нивна надлежност, како и да му бидат обезбедени сите докази, податоци и информации, без оглед на степенот на доверливост;
- во секое време и без претходна најава и одобрение да изврши посета и увид во органите, организациите и установите - места за лишување од слобода, како и да разговара со лицата сместени во нив, без присуство на службени лица, заради заштита на нивните слободи и права;
- да повика на разговор избрано или именувано лице, службено лице и секое друго лице кое може да даде определени податоци во постапката;
- да влегува и да има слободен пристап на станиците, аеродромите и пристаништата само со покажување на службена легитимација;
- на бесплатна употреба на јавен, сувоземен или езерски сообраќај на територијата на Република Македонија;
- на посебна заштита на неговата личност, семејството и имотот, по негово барање доставено до полицијата во местото на живеење, секогаш кога за тоа постојат сериозни причини за негова безбедност.

Народниот правобранител и замениците на народниот правобранител не можат да бидат повикани на одговорност за дадено мислење и преземени дејства, мерки и активности во вршењето на својата функција.

**Република Македонија**
**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**
**НАЦИОНАЛЕН ПРЕВЕНТИВЕН МЕХАНИЗАМ**

## СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА

РЕГИСТАРСКИ БРОЈ

ДАТУМ НА ИЗДАВАЊЕ

М.П.

Народен правобранител
Иџет Мемети

Име и презиме

Функција / звање

ЕМБГ

Адреса на живеење

**Носителот на оваа легитимација со Уставот, Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друг вид на сурово, нехумано или понижувачко постапување или казнување и Законот за народниот правобранител, заради вршење превенција е овластен:**

- **во секое време и без претходна најава и одобрение да изврши редовни или ненајавени посети и увиди во органите, организациите и установите - места за лишување од слобода, како и на кое било друго место за кое може да има информации дека лицата се или можат да бидат лишени од слобода;**
- **да му се овозможи слобода на избор на местата што сака да ги посети, како и непречен пристап до сите простории, уреди и инсталации, до сите документи и информации што се однесуваат на лицата лишени од слобода;**
- **да му биде овозможен слободен избор и разговор со лицата лишени од слобода, без присуство на службени лица, лично или со преведувач, доколку е неопходно, како и со кое било друго лице за кое Народниот правобранител верува дека може да обезбеди суштествени информации.**

**Република Македонија**
**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**

## СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА

РЕГИСТАРСКИ БРОЈ

ДАТУМ НА ИЗДАВАЊЕ

М.П. Народен правобранител
Иџет Мемети

Име и презиме

Звање

ЕМБГ

Адреса на живеење

**Носителот на оваа легитимација со Законот за народниот правобранител („Службен весник на РМ“ бр. 60/2003 и 114/2009), е овластен:**

- **да влезе во службените простории на органите од член 2 од Законот, да изврши непосреден увид во предметите и работите од нивна надлежност, како и да му бидат обезбедени сите докази, податоци и информации, без оглед на степенот на доверливост;**
- **во секое време и без претходна најава и одобрение да изврши посета и увид во органите, организациите и установите - места за лишување од слобода, како и да разговара со лицата сместени во нив, без присуство на службени лица, заради заштита на нивните слободи и права;**
- **да повика на разговор избрано или именувано лице, службено лице и секое друго лице кое може да даде определени податоци во постапката.**